Мавриций Хедонизам

4. јануари 2027. - 13. јануари 2027.
10 дена - 7 ноќи

Мавриций што е многу повеќе од плажа

Бел песок, тиркизен Индиски Океан и тропска атмосфера се само почетокот. Мавриций комбинира море, планини, див свет, локален живот и природа во едно патување што постојано менува ритам.

Повеќе од класичен тропски одмор

Програмата е создадена така што нема само да престојувате на една плажа. Ќе го запознаете островот од повеќе страни, од Port Louis и северниот брег, до Le Morne, источните плажи и природните паркови.

Сите излети се вклучени во цената

Не случајно ги вклучивме излетите во пакетот. Port Louis и северните плажи, Île aux Cerfs, Le Morne и Flic en Flac, Casela, северните острови и источните плажи покажуваат различни лица на Мавриций и вреди да бидат дел од целото искуство.

Го истражуваме цел остров

Не останuваме врзани за една локација. Ги откриваме северните, источните, јужните и западните брегови, со плажи како Pereybere, Mont Choisy, Le Morne, Flic en Flac, Belle Mare и Poste La Fayette.

Остров, сафари и океан во едно патување

Мавриций дава многу повеќе од класичен престој покрај море. Casela носи сафари искуство и диви животни, а северните острови и Île aux Cerfs ја покажуваат тропската страна на островот од вода.

Програма што е внимателно креирана

Има денови за истражување, денови за природа и денови за вистинско плажирање и уживање. Така го доживувате Мавриций без чувството дека целото патување го поминувате во брзање.

Сè ти е средено. ✈

Летови со вклучен багаж, трансфери, сместување, полу-пансион, локална организација и излети се однапред поврзани и организирани. **Тебе ти останува само да го доживееш Маурициус.**

PRO TIP: Одберете полу-пансион за максимално уживање □

Имате опција и за сместување само со појадок, но за поцелосно и безгрижно искуство ви препорачуваме полу-пансион со појадок и вечера. Така имате повеќе време за уживање, а еден важен дел од денот ви е однапред организиран.

План и програма

Ден 1: Состанок на патниците и поаѓање

Состанокот на патниците е на Меѓународниот Аеродром во Скопје два часа пред летот. Вечерен лет од Скопје за Маурициус со Turkish Airlines, кратко преседнување во Истанбул. Авантурата може да започне! Одиме на местото кое со причина го нарекуваат рајот на земјата!

Превоз
Индивидуален авио билет со сите такси на релација Скопје - Истанбул (Turkish Airlines), во економска класа со вклучен багаж
Индивидуален авио билет со сите такси на релација Истанбул - Маурициус (Turkish Airlines), во економска класа со вклучен багаж

Место
Скопје, Истанбул

Ден 2: Пристигнување на Маурициус

Пристигнуваме на Маурициус по што следи организиран трансфер до сместувањето. Check in во хотелот и авантурата може да започне!

Превоз
Трансфер од аеродром до сместувањето

Сместување
Le Palmiste Resort & Spa 3* **(1 ноќ)**

Место
Порт Луј

Храна
Вечера (услуга полу-пансион) × 1

Ден 3: Посета на Порт Луј и северните плажиFREE ИЗЛЕТ

Посета на главниот град на Маурициус - Порт Луј. Порт Луј е активен град кој со векови привлекувал сликари, музичари, вајари и писатели. Прошетка низ центарот на градчето кој е навистина симпатичен и посета на локалниот пазар каде купуваме сувенири, зачини итн. Слободно време и пауза за ручек, по што се посетува црквата со црвен кров. Од таму, денот продолжува на најубавите плажи на северот на Маурициус, како што се "Pereybere" и "Mont Choisy", каде се гледа зајдисонцето.

Сместување
Le Palmiste Resort & Spa 3* **(1 ноќ)**

Место
Порт Луј

Храна
Континентален појадок × 1
Вечера (услуга полу-пансион) × 1

Факултативни излети
Порт Луј и северните плажи

Ден 4: Островот IL-O-SERF TOUR FREE ИЗЛЕТ

Ден резервиран за факултативна екскурзија - одење на островот Il-o-Serf (Île aux Cerfs). Ајде да одиме да го откриеме овој магичен остров. Пловиме во најдолгата лагуна на островот долж источниот брег, застанувајќи во коралниот гребен. Прво го посетуваме водопадот, а потоа одиме на островот и поминуваме неверојатен ден под тропското сонце. Паузираме за ручек на соседниот остров и вкусуваме риба и локален рум... Враќање во сместување.

Сместување
Le Palmiste Resort & Spa 3* **(1 ноќ)**

Храна
Континентален појадок × 1
Вечера (услуга полу-пансион) × 1

Факултативни излети
Остров Il-o-Serf!

Ден 5: Плажите Le Morne и Flic and FlacFREE ИЗЛЕТ

Посета на најубавата плажа на јужниот брег на Маурициус - плажата Le Morne. За зајдисонце, се посетува западниот брег на Маурициус, плажата Flic and Flac.

Сместување
Le Palmiste Resort & Spa 3* **(1 ноќ)**

Храна
Континентален појадок × 1
Вечера (услуга полу-пансион) × 1

Факултативни излети
Плажите Le Morne и Flic en Flac

Ден 6: Парк Касела FREE ИЗЛЕТ

Денеска имаме посета на прекрасниот природен парк Касела, каде ќе имаме можност да видиме различни диви животни како лавови, гепарди, нилски коњи, разни егзотични птици, антилопи, ноеви, жирафи... Посетата на паркот вклучува 45-минутно сафари, како и возење со tulawaka gold coaster ride. Во паркот има и два ресторани со прекрасен поглед на југозападниот брег на Маурициус. Враќање во сместување.

Сместување
Le Palmiste Resort & Spa 3* **(1 ноќ)**

Храна
Полу-пансион (појадок и вечера) × 1

Факултативни излети
Park Casela!

Ден 7: Северните острови FREE ИЗЛЕТ

Крстарење со катамаран или брз брод на величествените северни острови. Тука може да се видат делфини во нивното природно живеалиште. Пливање и нуркање во еден од најубавите предели од островот кој ќе ве остави без здив. Островите се природни резервати со голем број на разновидни птици и спектакуларни пешачки патеки. Целосно уживање во природната убавина на Маурициус.

Сместување
Le Palmiste Resort & Spa 3* **(1 ноќ)**

Храна
Полу-пансион (појадок и вечера) × 1

Факултативни излети
Посета на северните острови!

Ден 8: Источните плажи FREE ИЗЛЕТ

Поаѓање кон источните плажи на Маурициус. На оваа екскурзија ќе имаме можност да ги посетиме плажите како што се: Belle Mare и да направиме одлични фотографии на плажата Poste La Fayette. Ден за капење, сончање и уживање на една од најубавите плажи на Маурициус. Враќање во сместување.

Сместување
Le Palmiste Resort & Spa 3* **(1 ноќ)**

Храна
Полу-пансион (појадок и вечера) × 1

Факултативни излети
Поаѓање кон источните плажи на Маурициус!

Ден 9: Напуштање на сместувањето и слободно време до поаѓање

Утрото се збогуваме со овој магичен остров. Трансфер до аеродром. Лет од Маурициус за Скопје со кратко преседнување во Истанбул.

Превоз
Трансфер од сместувањето до аеродромот
Индивидуален авио билет со сите такси на релација Маурициус - Истанбул (Turkish Airlines), во економска класа со вклучен багаж

Место
Порт Луј, Истанбул

Храна
Континентален појадок × 1

Ден 10: Враќање и крај на патувањето

Летот од Истанбул до Скопје. Пристигнуваме во Скопје. Крај на патувањето.

Превоз
Индивидуален авио билет со сите такси на релација Истанбул - Скопје (Turkish Airlines), во економска класа со вклучен багаж

Место
Истанбул, Скопје

Цени и услови

Сместување
Le Palmiste Resort & Spa
(НОЌЕВАЊЕ СО ПОЈАДОК)
Што е вклучено

Регуларна цена
1.949,00 EUR

Сместување
Le Palmiste Resort & Spa
(ПОЛУПАНСИОН)
Што е вклучено

Регуларна цена
2.049,00 EUR

Не е вклучено

- Меѓународно здравствено осигурување (може да се уплати во агенцијата)

Сите уплати се вршат **исклучиво во денарска противвредност** по курс од 62 денари за 1 евро и тоа:**при пријавување се плаќаат 200€ (12.400,00 МКД) по лице.** Преостанатиот дел се плаќа **најдоцна 40 дена пред поаѓање.** Можност за плаќање преку трансакциска сметка (на фактура) и со платежни картички Visa, Master, Maestro.

Препорачуваме рано пријавување на патници заради ограничениот број на места. При пријавувањето потребно е да се достави скренирана прва страница од патната исправа, која е валидна за датумот на патувањето (има важност минимум 6 месеци по датумот на враќање и има доволно празни страници во текот на патувањето), во спротивно агенцијата не одговара за печатење на авио билетот со погрешни податоци.

Факултативни излети

Порт Луј и северните плажи

*****ИЗЛЕТОТ Е ВКЛУЧЕН ВО ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ*****

Посета на главниот град на Маурициус - Порт Луј. Порт Луј е активен град кој со векови привлекувал сликари, музичари, вајари и писатели. Прошетка низ центарот на градчето кој е навистина симпатичен и посета на локалниот пазар каде купуваме сувенири, зачини итн. Слободно време и пауза за ручек, по што се посетува црквата со црвен кров. Од таму, денот продолжува на најубавите плажи на северот на Маурициус, како што се "Pereybere" и "Mont Choisy", каде се гледа зајдисонцето.

Остров Il-o-Serf!

*****ИЗЛЕТОТ Е ВКЛУЧЕН ВО ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ*****

Ајде да го откриеме овој магичен остров и неговата околина. Островот е познат по своите песочни плажи како разгледници. Пловиме во најдолгата лагуна на островот долж источниот брег, останувајќи во коралниот гребен. Ќе бидеме воодушевени од прекрасниот пејзаж на планинските венци кои го опкружуваат островот. Имаме неверојатен ден под тропското сонце. Денот е резервиран за сончање, капење или прошетка низ пејзажи кои го одземаат здивот додека правите совршени фотографии.

Во цената на патувањето е вклучено: организиран превоз според планираниот план, услуги на претставник на нашата агенција, ручек

Плажите Le Morne и Flic en Flac

*****ИЗЛЕТОТ Е ВКЛУЧЕН ВО ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ*****

Посета на **Le Morne Beach**, една од најубавите и најпознати плажи на јужниот брег на Маурициус. Сместена во подножјето на импозантниот Le Morne Brabant, уживаме во прекрасниот поглед, белиот песок и тиркизната вода. Време за уживање на плажа, пливање и релаксација во вистински тропски амбиент. Потоа продолжуваме кон западниот брег на островот, до познатата **Flic en Flac Beach**, популарно место на локалните жители, полно со ресторани, кафулиња и продавници во близина на плажата.

Park Casela!

*****ИЗЛЕТОТ Е ВКЛУЧЕН ВО ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ*****

Посета на прекрасниот природен парк Касела, каде ќе имаме можност да видиме различни диви животни како лавови, гепарди, нилски коњи, разни егзотични птици, антилопи, ноеви, жирафи... Посетата на паркот опфаќа 45-минутна сафари, како и , tulawaka gold coaster ride. Во паркот има и два ресторани со прекрасен поглед на југозападниот брег на Маурициус.

Во цената на патувањето е вклучено: организиран превоз според планираната маршрута, услуги на претставникот на нашата агенција, влез во паркот, сафари (45 мин), , tulawaka gold coaster ride.

Во цената на екскурзијата не е вклучено: ручек, сликање, дополнителни активности (интеракција со лавови и гепарди, хранење и сликање со жирафи, четворо велосипед, зип лајн...)

Посета на северните острови!

*****ИЗЛЕТОТ Е ВКЛУЧЕН ВО ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ*****

Уживање во природната убавина на Маурициус. Островот Габриел е прогласен за засолниште поради богатиот и недопрен биодиверзитет. Островот е познат по прекрасните песочни плажи, тиркизното море, спокојната атмосфера и богатиот екосистем. Излетот го започнуваме рано наутро. Не чека превоз до Grand Baie од каде со катамаран го продолжуваме патувањето. Пловиме околу час и половина на отворен океан до островот и ако имаме среќа ќе видиме китови во нивното природно живеалиште. На островот имаме слободно време за сончање и капење. Источниот дел на островот Габриел е најдобар за нуркање. Ќе најдете недопрено океанско дно, прошарано со корали и различни видови на риби.

Во цената на патувањето е вклучено: организиран превоз според планираниот план, услуги на претставник на нашата агенција, ручек со алкохолни и безалкохолни пијалоци.

Поаѓање кон источните плажи на Маурициус!

*****ИЗЛЕТОТ Е ВКЛУЧЕН ВО ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ*****

Уживање во природната убавина на Маурициус. Островот Габриел е прогласен за засолниште поради богатиот и недопрен биодиверзитет. Островот е познат по прекрасните песочни плажи, тиркизното море, спокојната атмосфера и богатиот екосистем. Излетот го започнуваме рано наутро. Не чека превоз до Grand Baie од каде со катамаран го продолжуваме патувањето. Пловиме околу час и половина на отворен океан до островот и ако имаме среќа ќе видиме китови во нивното природно живеалиште. На островот имаме слободно време за сончање и капење. Источниот дел на островот Габриел е најдобар за нуркање. Ќе најдете недопрено океанско дно, прошарано со корали и различни видови на риби.

Во цената на патувањето е вклучено: организиран превоз според планираниот план, услуги на претставник на нашата агенција, ручек со алкохолни и безалкохолни пијалоци.

Сместување

Le Palmiste Resort & Spa
3*

Ова е пример сместување кое може да го очекувате. Договореното сместување може да биде поинакво, но слично во она што го пружа.

Le Palmiste Resort & Spa 3* (по локална категоризација) се наоѓа во најубавиот дел на Маурициус, во северниот дел на островот. Хотелот се наоѓа на една од најубавите плажи на цел остров Trou-aux-Biche, плажа која е избрана како една од најубавите на #целсвет и има добиено "World Travel Award" во 2011. Хотелот има многу топла атмосфера опкружена со егзотична градина и прекрасна песочна плажа. Во рамките на хотелот има базен за потполно уживање. Достапно Wi-Fi во целиот хотел. Сместувањето е во стандардни двокреветни соби.

Сајт
http://www.hotel-lepalmiste.mu/index.php/en/

Адреса
Route Cotière
Trou-aux-Biches
Mauritius

Превоз

Авион

Патнички авион (линиски авион или комерцијален транспортен авион) е голем авион првенствено наменет за комерцијален превоз на патници и товар.

Локален трансфер

Помало превозно средство за најчесто до 15 патници. Во зависност од земјата може да биде со помал или поголем комфор.

Места

Скопје

Скопје е главен и најголем град на Република Северна Македонија.

Истанбул

Истанбул е најголемиот град во Турција, кој се наоѓа долж течението на Босфорскиот теснец кој ја поврзува обалата на Мраморното со Црното Море. Овој огромен град, единствен на светот изграден на два континента (Европа и Азија), има површина од речиси 6.000 км2 и брои над 15 милиони жители според официјални мерења, односно 20 милиони неофицијално. Денес тој е најзначајниот турски град. Брои преку 20 универзитети, многу библиотеки, културни центри, неизмерно богатство од културно-историски споменици. Иако не е главен град на државата, Истанбул е големо економско и културно седиште на Турција, како и најатрактивниот и најпосетен туристички центар.

Порт Луј

Порт Луј е главниот град на Маурициус.

Корисни информации

Маурициус

Корисни информации поврзани со влез во државата

Задолжително е здравствено осигурување.

Сите патници пред патувањето мораат да ја пополнат и следнава форма:https://safemauritius.govmu.org/ . Патниците мораат да го испринтаат и QR кодот кој ќе го добијат по успешно пополнета апликација, или истиот да го сочуваат на телефон. QR кодот ќе Ви биде потребен за време на чекирање на авиокартите во Скопје.

Ве молиме сите овие информации, пред патување, уште еднаш проверете ги со претставници на нашата агенција. Агенцијата не сноси одговорност во случај на погрешни информации наведени на нашиот сајт, поради промена на регулативата за влез во државата, од моментот на објавување на овие информации, до моментот на патување.

ВИЗА
Државјани на Република Македонија кои туристички патуваат во Маурициус, добиваат бесплатна туристичка виза за период до 60 дена. Потребна е следнава

документација: важечка патна исправа, повартна авио-карта, доказ за поседување на доволно финансиски средства и потврда за уплатен туристички аранжман (ваучер кој го добивате кај нас во агенција). Рок на важност на пасошот мора да биде најмалку 6 месеци од датумот на враќање во Македонија.

All in One travel form
Сите патници пред патувањето мораат да ја пополнат и следнава форма:https://safemauritius.govmu.org/. Патниците мораат да го испринтаат и QR кодот кој ќе го добијат по успешно пополнета апликација, или истиот да го сочуваат на телефон. QR кодот ќе Ви биде потребен за време на чекирање на авиокартите во Скопје.

ЛЕКОВИ, ВАКЦИНИ И ЗДРАВЈЕ
За патување во Маурициус не е потребен доказ за вакцинација, освен ако доаѓате од област зафатена со жолта грозница (области од Централна Африка или Јужна Америка). Препорачуваме на пат да понесете пробиотици, лекови за настинка и температура (пр. Фервекс, Риностоп) како и лекови за болка (пр. Бруфен, Кафетин) и доколку примате редовна терапија - лековите кои Ви се препишани.

ТЕМПЕРАТУРА (КЛИМА), ОБЛЕКА И ПАКУВАЊЕ
Температурата преку ден се движи помеѓу 29-32 степени, а навечер паѓа на пријатни 26 степени. Од облека Ви е потребна летна и лесна гардероба, но сепак, задолжително со Вас понесете и долги ракави и ногавици, пред сé за во авион. Ве советуваме да бидете спремни за повисоки температури и да носите креми со заштитен фактор, шешири и марами кои ќе ја штитат Вашата кожа од сончевите зраци.

БЕЗБЕДНОСТ
Хотелот во кој сте сместени се наоѓа на локален остров каде живее локално население. Островот е безбеден, но секако препорачуваме да водите сметка за Вашите пари и лични работи како што би воделе на било која друга дестинација. Локалците се особено пријателски настроени кон туристите и сакаат да се дружат и да се запознаваат.

ХРАНА, ПИЈАЛОЦИ И ВОДА
Мешаното колонијално минато се има одразено и во културата на Маурициус. Кујната е мешавина од индиска, француска и креолска кујна, а се карактеризира со исклучително зачинета храна со силен вкус. Населението обично ги поминува вечерите во голем број ресторани низ островот и можете да најдете храна за сечиј вкус, од индиски ресторани, преку кинески, креолски, јужноафрикански, до ресторани со европска кујна. Постојат и големи светски ланци на ресторани. Маурициус може да се пофали и со квалитетно пиво, како и со рум направен од шеќерна трска, уште од времето на првите колонисти. Се препорачува флаширана вода за пиење.

ТЕЛЕФОН И КОМУНИКАЦИЈА
Нашите мрежи функционираат на Маурициус. Што се однесува со цените за роаминг, потребно е да проверите на сајтовите на Вашите мобилни оператори. Што се однесува до интернет и Wi-Fi, конекцијата знае да биде бавна, но сосема доволна за основна комуникација. Некогаш сигналот знае да биде полош во собите, но на рецепција во главно, работи одлично. Доколку сакате картичка за интернет, која нуди пристап до брз интернет, известете го водичот.

СТРУЈА
За Маурициус постојат два типа на приклучоци, C и G. Тип на приклучок C е приклучокот кој има два кружни влеза како што се користи во Македонија и типот G е приклучокот кој има три правоаголни влеза во триаголен образец како што се користи во Велика Британија.

ПАРИ, ПЛАЌАЊЕ И ТРОШОЦИ
Официјалната и основна валута во Маурициус е Маурициска Рупија. Односот на валутата е следен:

Можете да носите евра или долари. Постои можност да користите и платежни картички, но не треба премногу да се потпирате на нив. Провизиите кои ги земаат не се големи, но секако би требало да проверите со матичната банка.

ВРЕМЕНСКА ЗОНА
UTC+4, односно во текот на зимското сметање на времето разликата помеѓу С. Македонија и Маурициус е 3 часа, а во текот на летното сметање на времето е 2 часа, затоа што Малдиви не преминува на летно сметање на времето.

Важни напомени

Напомени:
Општи напомени:

- Организатор на патувањето е ТА ЦЕЛ СВЕТ ДОО СКОПЈЕ со лиценца УП 113-289 ОД 17.07.2024 година.
- При пријавување, потребно е да доставите копија од пасош/податоци од пасошот со кој патникот ќе патува на самото патување. Патникот мора задолжително да го провери траењето и исправноста на патниот документ, како и бројот на слободни страници потребни за патувањето.
- Сите пасоши мораат да имаат рок на важење минимум 180 дена (6 месеци) од датумот на враќање во земјата.
- Организаторот на патувањето го задржува правото на измена на одредени содржини од програмата, во случај на вонредни околности и работи кои агенцијата не може да ги предвиди, за време на склучување на договорот.
- Организаторот на патувањето не е овластен и не ја проценува валидноста на патните и други исправи.
- За сите информации кои се дадени по усмен пат, агенцијата не сноси никаква одговорност.
- Потписникот на Договорот за патување или претставникот на групата на патници е задолжен да ги информира и запознае сите патници со договорениот програм на патување, условите на плаќање, визирање и ОПШТИТЕ УСЛОВИ НА ПАТУВАЊЕ НА ТА ЦЕЛ СВЕТ од СКОПЈЕ.
- Патниците се должни, два дена пред поаѓање, да го проверат точното време и место на поаѓање на групата.
- Патникот е должен сам да се запознае со правилата на однесување во земјата во која патување и да ги почитува важечките законски царински прописи.
- Во превозните средства најстрого е забрането пушење, конзумирање на алкохол и опојни средства.
- Патниците се дожни да, во автобусите и другите превозни средства со кои се врши трансфер, останат на своите места и не смеат истите да ги напуштаат на места кои не се предвидени за пауза (граници, чек-поинт станици, патарини итн). Во случај патникот да го напушти возилото без претходен договор со претставникот на агенцијата, истиот сам ги сноси сите трошоци и последици.
- Патникот кој преку неадекватно однесување, ги вознемирува останатите патници или смета на шоферите и/или придружникот на групата во својата работа, ќе биде одма исклучен од патувањето и целата одговорност преоѓа на него/неа, без право на жалба и враќање на пари.

- Патникот е должен да ја почитува “саатницата” одредена од страна на претставникот на агенцијата на патувањето, во спротивно, претставникот на агенцијата има право да го исклучи патникот од патувањето.
- Во туристичките автобуси не е можна употреба на тоалет. Во согласност со планот и програмот на патувањето, паузи се прават на 3-4 часа (во зависност од локацијата и опременоста на бензинските станици), кои патниците можат да ги користат за употреба на тоалет.
- Агенцијата го одредува распоредот на седење, местото на поаѓање, местата за паузи и времетраењето на истите. Со плаќање на превозот, патникот го прифаќа горенаведеното, без право на приговор и жалба.
- Аранжманот е направен на база на минимум 10 патници за далечни патувања и 50 патници за европски патувања.
- Во случај на недоволен број на патници за реализација на аранжманот или други објективни околности, организаторот на патувањето ги информира патниците дека аранжманот е откажан – најкасно 10 дена пред датумот на поаѓање за далечни патувања и 5 дена пред датумот на поаѓање за европски патувања.
- Кај аранжманите кои вклучуваат превоз со авион, по купување на авио картата, невозможно е средствата да се вратат и во тој случај – важат условите на авио компанијата.
- Кај аранжманите кои вклучуваат low-cost авио компании, во случај на одложување на летот, откажување или губење на конекциите, патниците се дожни сами да ги платат новонастанатите трошоци и агенцијата не може да влијае на околностите кои се надвор од нејзиниот домет.
- Цените на low cost аранжманите се подложни на промена. По уплата на авансот се проверуваат тарифите и на патникот му се потврдува цената на аранжманот.
- Агенцијата не сноси одговорност доколку дојде до промена на авио конекциите од страна на авио компаниите.
- Саатниците на летовите наведени во планот и програмот или добиени од страна на агенцијата се подложни на менување и зависат исклучиво од авио компанијата.
- Агенцијата го задржува правото да го одбере превозното средство за трансфер. Трансферот се врши до самото сместување, доколку истото е физички возможно.
- За сите понудени или достапни дополнителни доплати, кои имаат врска со планот и програмот на патувањето, или сместувањето, потребно е да се изјасните при пријавување.
- Доколку некој патник сам одлучи да смени дел од планот и програмот на патувањето, агенцијата нема обврска на тој патник да му обезбеди трансфер/ран или доцен check-in или check-out во сместувањето/различни ноќевања во сместувањата, од она што е предвидено со планот и програмот на патувањето.
- Малолетните патници за време на патувањето мора да имаат заверена согласност од родителите.
- Заради почитување на саатниците предвидени со програмот на патување, како и почитување на времето на останатите патници од групата, не постои можност за задржување на границите кои претставуваат излез од Европска Унија, поради заверување на сметки и враќање на данок од Европската Унија (TAX FREE)
- Наша препорака е да водите сметка за вашите лични документи и пари на Вашето патување.
- За овој аранжман се применуваат ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ПАТУВАЊЕ.

Напомени во врска со сместувањето:

- Организаторот на патувањето, ТА ЦЕЛ СВЕТ, го задржува правото на распоред по соби, во согласност со структурата на собите во сместувачкиот објект. Доколку постои можност, агенцијата се труди да излезе во пресрет на желбите на патниците (Ве молиме да имате разбирање. Ова патување пред с□ треба да биде авантура и добра забава).
- Во сместувачките објекти се влегува првиот ден од престојот во согласност со правилата на самиот сместувачки објект.Начесто, check-in е во попладневните часови (14h или 15h), а check-out – последниот ден од престојот, најчесто до 10h или 11h.
- Описите на сместувачките објекти се од информативен карактер.
- Некои од дополнителните содржини на сместувачките објекти се достапни со доплата. Постои можност на отстапувања и промена на достапноста на некои содржини, бидејќи истите зависат исклучиво од сместувачките објекти (нпр. Сеф, паркинг, мини-бар, ТВ, клима уред...)
- Патникот е должен да ги почитува правилата на сместувачкиот објект и сам сноси одговорност доколку дојде да санкционирање од страна на персоналот на сместувачкиот објект
- Во некои сместувачки капацитет во Азија, Африка и Латинска Америка – нема врела вода.
- Сместувачките капацитети ги сместуваат патниците и го одредуваат распоредот и типот на собите спрема својата расположливост во даденият момент. Агенцијата не е во можност да им потврди на клиентите дали креветите ќе бидат twin (раздвоени) или double (голем француски лежај), како ни спратноста во самото сместување, освен доколку тоа не е посебно назначено во Договорот. Клиентот со уплата на аранжманот се согласува со овие факти и условите на сместувањето, без право на жалба.
- Патниците кои што патуваат сами во некои програми имаат можност да со доплата, престојуваат сами во еднокреветна соба. Доколку патникот сака да се спои со некој од другите патници од групата и не сака да плаќа доплата, прифаќа да се спои со било кое лице од групата, без оглед на возраста и полот на сопатникот. Во овие ситуации, агенцијата апсолутно не одговара за било какви евентуални непријатност или несогласувања кои патниците можат да ги имаат за време на патувањето.

Напомена во врска со факултативните излети:

- Факултативните излети не се задолжителен дел од патувањата и за факултативните излети не е обезбедена заштита во поглед на гаранција за патувањето.
- Термините и цените на факултативните излети се променливи и зависат од слободните термини по локалитетите, бројот на пријавени патници и други објективни околности.
- Факултативните излети се реализираат од страна на локални агенции. ТА ЦЕЛ СВЕТ не е во можност да влијае на работи кои се надвор од нејзиниот домет, односно се врзани за самата реализација на излетот.
- Факултативните излети се реализираат од локални туристички водичи, на самите локалитети, на англиски јазик. Со плаќање на излетот, патникот ги прифаќа сите услови на локалната агенција, без право на жалба.
- Агенцијата не може да влијае на времетраењето на патувањата до локалитетите, времето на поаѓање, враќање или обиколка, како ни стручноста на локалните водичи.
- При уплата на факултативен излет, патникот ги прифаќа условите на локалната агенција која е организатор на излетот. Доколку еден патник уплаќа излет во име на други патници, истиот е должен да ги извести сопатниците за условите на локалната агенција. Било какви измени и откажување од излетот по уплатата, не се возможни, ниту е возможно, под било кои околности, да се рефундираат уплатените средства.
- Се молат сите патници, пред уплаќање на факултативен излет, да се информираат и упознаат со предвидениот план и услови за факултативниот излет.

Напомена во врска со визите:

- Патниците задолжително мора да се запознаат со визниот режим на државата во која патуваат.
- Некои амбасади бараат задолжително присуство на патникот за аплицирање за виза. Патниците се должни да ги испочитуваат правилата на амбасадата,
- Патниците се должни да ги достават документите за визирање, најдоцна 1 месец пред патувањето, а доколку не ги достават во наведениот рок, должни се сами да ја обезбедат визата за патување.
- Патниците кои не посеуваат нови биометриски пасоши на Република Македонија, должни се сами да се запознаат со визниот режим на државите во кои патуваат и сами да ги обезбедат визите за патување.
- Агенцијата не гарантира дека на патникот ќе му биде одобрена виза и не е овластена да утврдува валидност на документи.
- Агенцијата не сноси одговорност во случај на недобивање на виза.